Општинско основно училиште „Круме Кепески“, Скопје

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
# ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КРУМЕ КЕПЕСКИ“, Скопје, Општина „Кисела Вода“
# за период од 2022 до 2026 година




Скопје, јули 2022 година

## Преамбула

Општинското основно училиште „Круме Кепески“, Скопје ја изработи својата Развојна програма за работа за периодот 2022-2026 година врз основа на член 49 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019 од 5.8.2019 година) и врз основа на Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 6.7.2020 година, како и Законот за наставници и стручни соработници, врз основа на Статутот на училиштето, наставниот план и програмите за воспитно-образовната дејност во основните училишта, извештаите за работата на училиштето во претходната учебна година, Извештајот од извршената самоевалуација на училиштето и Извештајот од последната извршена интегрална евалуација на училиштето.

| | Содржина | стр. |
|---|---|---|
| | **Вовед** | 4 |
| 1 | **Податоци за основното училиште**<br>1.1 Идентификациони податоци за училиштето<br>1.2 Историјат на основното училиште<br>1.3 Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта | <br>5<br>6<br>6 |
| 2 | **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**<br>2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка<br>2.2 Работен стаж на вработените<br>2.3 Простор<br>2.4 Опрема и наставни средства<br>2.5 Материјално-финансиско работење на училиште | <br>8<br>8<br>9<br>10<br>13 |
| 3 | **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма** | 14 |
| 4 | **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**<br>4.1 Самоевалуација на основното училиште (интерна)<br>4.2 Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна) | <br>16<br>24 |
| 5 | **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)** | 30 |
| 6 | **Мисија и визија на основното училиште** | 38 |
| 7 | **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период** | 39 |
| 8 | **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | 58 |
| 9 | **Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.** | 59 |
| 10 | **Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште** | 59 |
| 11 | **Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште** | 60 |
| 12 | **Заклучок** | 61 |
| 13 | **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште** | 61 |
| 14 | **Користена литература** | 61 |

**Вовед**

Имајќи предвид дека Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ пропишан со Законот за основно образование во Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2022-2026 година се содржани поглавја од информативен карактер за училиштето, учениците, наставниот кадар и персоналот како и поглавја за наставата, мисијата и визијата на училиштето, факторите кои влијаат врз развојот на училиштето, резултатите од интерната и екстерната евалуација на училиштето и соработката на училиштето со родителите, општината, институциите од областа на образованието и НВО. Клучен дел од Развојната програма се плановите за развој на приоритетните подрачја, односно поставените стратешки, развојни и конкретни цели во наредните четири години од работата на училиштето.

Развојната програма за работа на училиштето има за цел систематски, преку тимска работа, да ги определи целите кои ќе го водат училиштето кон постигнување на образовните стандарди и исполнување на критериумите за квалитетно и современо училиштето до највисоко ниво.

Развојната програма се темели на следните документи:

- Законот за основно образование;
- Законот за наставници и стручни соработници;
- Законот за работни односи;
- Законот за организација и работа на органите на државната управа;
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште;
- Националната програма за развој на образованието;
- Стратегијата за образование 2018-2025;
- Наставните планови и програми;
- Концепцијата за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходните четири учебни години, извештаи од посети, увиди и интегрална евалуација од Државниот просветен инспекторат, Извештај од спроведената самоевалуација на училиштето, записници и сл).

1. **Податоци за основното училиште**

**1.1.** Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Општинско основно училиште “Круме Кепески“ – Скопје |
| Адреса | ЦУ: ул.„Христо Татарчев“, бр.46 - Општина Кисела Вода, Скопје<br>ПУ: ул.„Христо Татарчев“, бр.67-а – Општина Кисела Вода, Скопје |
| Телефон | 02 2777-500, 02 2781-323, 02 2780-604 |
| Место, општина | Скопје, Општина Кисела Вода |
| Веб-страница | www.ooukrumekepeski.edu.mk |
| Е-маил | ooukkepeskisk@gmail.com |
| Ден на училиштето | 8 април |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | Централно 2719 м2, подрачно 759м2 |
| Училиштен двор (m2) | Централно 14000м2, подрачно 6418м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Едно - Подрачно училиште населба Припор |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 1000 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 709 |
| Број на паралелки | 35 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Централно училиште -2, подрачно училиште – 1 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Основното училиште „Круме Кепески“ е основано од Народен одбор на Општина „Кисела Вода“, Скопје, со Решение бр.02-43536/25 од 5.12.1962 под името Основно училиште „13ти Ноември“. Бројот на ученици бил 1210, а бројот на вработени 51, од кои 38 наставници. Подрачното училиште во населба Припор е изградено во 1982 година. Во учебната 1993/1994 училиштето е преименувано во Основно училиште „Круме Кепески“ со вкупно 1030 ученици и 64 вработени, од кои 47 наставници. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение за верификација на воспитно-образовната дејност 15-1887 од 4.12.1985 од Општински комитет за образование, култура и физичка култура, Собрание на општина Кисела Вода-Скопје.

Училиштето има својство на правно лице со донесено Решение од ЦР на РСМ со дел.бр. 30120190014828 со последна промена на упис од 28.6.2019 година со ЕДБ 4030993120422 и ЕМБС 4065328.

Во согласност со Законот за основно образование на состанок на УО донесен е Статут на училиштето со дел.бр.01-237/1 од 10.10.2019 година. Истиот е доставен до МОН чиј министер донесе Решение за давање согласност на Статутот на Општинско основно училиште „Круме Кепески“, општина Кисела Вода-Скопје со дел.бр. Уп1.бр.118-306 од 7.2.2020 година.

За паралелките со помал број ученици од законскиот минимум училиштето побара согласност од основачот при нивно формирање. Барањето е заведено со дел.бр. 03-154/1 од 3.7.2019 година.

## 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

ООУ „Круме Кепески“ е училиште коешто се карактеризира со интензивно учество во најразновидни проекти, настани, работилници, манифестации како и натпревари и други слични активности со цел поефикасно вклучување на сите ученици според сопствените способности во наставниот и воннаставниот процес. За активностите од овој вид постојат планови и програми коишто се дел од Годишната програма на училиштето, а секако подетални информации можат да се најдат во Годишниот извештај за работата на училиштето. Дел од проектите се организирани и поддржани од реномирани асоцијации, здруженија, како и амбасади и институти, секако одобрени од БРО и МОН. Со цел да ја претставиме разновидноста и специфичноста на погоре споменатите активности, ќе наведеме дел од нив во продолжение, а истите се реализираа во изминатата учебна година:

- ✓ Проекти: „Децата не се раѓаат со предрасуди“, „Наставници за едукација, демократија и човекови права“, „Прославување на Божиќ“ (Celebration de Noel), „Наш град“, „Фудбал во училиште за секое дете“, „Фудбал во училиште за девојчиња“, „Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на

промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени“, „ Големите рачиња создаваат за малите првачиња“;

- ✓ Договор за соработка со ресурсниот центар „Д-р Златан Сремец“;
- ✓ Многубројни дисеминациии и интерни работилници на наставниот кадар во согласност со посетени и успешно завршени обуки;
- ✓ Еднократни работилници-интерни проектни активности;
- ✓ Учество во одбележување на значајни датуми и празници, како што се: прием на првачињата во училиштето, како и нивен прием во Детската организација и ПЦК, одбележување на празниците 8.Септември-Денот на независноста, 11.Октомври-Ден на народното востание, 23.Октомври-Ден на македонската революционерна борба, 13.Ноември-Ден на ослободувањето на Скопје, 8.Декември-Ден на Свети Климент Охридски со одбележување на Денот на учителот, 4.Февруари- Денот на раѓањето на Гоце Делчев, 21.Февруари-Денот на мајчиниот јазик, 8.Март-Денот на жената, 1.Април-Денот на шегата, 7.Април –Светски ден на здравјето во соработка со ЦК Кисела Вода,Halk Банка и градинката Весели цветови Сончоглед , Денот на екологијата, 22.Април-Ден на планетата Земја, Велигден, 1.Мај.-Ден на трудот, 4.Мај-годишнина од смртта на Гоце Делчев, 5.Мај-Ден на македонската азбука, 6.Мај – Ден на Општина “Кисела Вода“, 24.Мај- Денот на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј и 1.Јуни – Ден на детето;
- ✓ Одбележување на 60 години постоење.на училиштето преку реализација на мултимедијален проект под наслов: **„**Делото на Круме Кепески - патоказ за вечноста на јазикот“, како и литературен конкурс на тема: **„**Делото на Круме Кепески – патоказ за вечноста на јазикот“,а од пристигнатите литературни творби се создаде стихозбирката „Круме Кепески во детските стихови“;
- ✓ Конкурс за избор на превенец на генерација;
- ✓ Конкурс за избор на таленти од различни области организиран од општината;
- ✓ Многубројни литературни и ликовни конкурси кадешто наши ученици се носители и на награди;
- ✓ Многубројни меѓуодделенски и училишни натпревари од различни предмети;
- ✓ Многубројни спортски натпревари кадешто наши ученици се носители и на награди;
- ✓ Многубројни натпревари по одделни училишни предмети на општинско, регионално и државно ниво, кадешто наши ученици се носители и на награди;
- ✓ Нашето училиште беше домаќин на натпреварите по англиски јазик за основно образование и тоа: општинскиот, регионалниот и државниот натпревар;
- ✓ Многубројни хуманитарни акции.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

**2.1.** Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | НСС | ССС | ВШС | ВСС |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 27 | / | / | / | 1 | 26 |
| | Предметна настава | 32 | / | / | / | 2 | 30 |
| Раководен кадар | 1 | | / | / | / | / | 1 |
| Стручни соработници | 3 | | / | / | / | / | 3 |
| Административни службеници | 1 | | / | / | / | / | 1 |
| Помошен и технички кадар | 11 | | 4 | / | 7 | / | / |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставниц и во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 6 | 10 | 1 | 1 | 5 | / |
| Од 10 до 20 г. | 9 | 7 | / | / | / | / |
| Од 20 до 30 г. | 8 | 10 | / | / | 3 | 1 |
| Повеќе од 30 г. | 4 | 5 | 2 | / | 2 | / |
| Вкупно | 27 | 32 | 3 | 1 | 11 | 1 |

## 2.3. Простор

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 29 | 1450 | 3 | Доопремување и прилагодување |
| Кабинети | 2 | 100 | 3 | Доопремување и прилагодување |
| Библиотека | 1 | 20 | 3 | Доопремување и прилагодување |
| Медиотека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 + 1 | 156 | 3 | / |
| Канцеларии | 7 | 220 | 3 | Варосување, доопремување со ЛЦД проектор и/или ТВ |
| Училиштен двор | 2 | 14000+6418 | 3 | Реконструкција на училишен двор хортикултурно уредување |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | Потреба од изградба на заеднички простор за прослави |
| Кујна | 1 | 36 | / | / |
| Трпезарија | 1 | 20 | / | / |
| Друго | / | / | / | Потреба од сензорна соба |
| Училишна зграда (централно училиште) | / | / | / | Во тек е изведба на громобранска инсталација |

**2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“**

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | Лаптопи, принтери,<br>смарт табли-5, смарт телевизори -3, библиотека на тркала,чекор по чекор (4), сликовници, детски списанија, едукативни игри, одделенска Букварка (4),постери, илустрации со слики. | песочни табли/кутии за цртање и пишување,<br>еластични стапчиња за креирање правилни и неправилни дводимензионални форми,<br>пластификатор |
| Ликовно образование | / | средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) |
| Музичко образование | Детски музички инструменти, касетофон, звучници | детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре) |
| Физичко образование | Душеци, хулахопи, јажиња, топки, мали топчиња, обрачи,конуси, | |
| Природни науки | мензури, паноа | фотографии од различни фази од животниот тек на човекот. Уреди за правење фотографии и уреди за слушање музика. Висинометри (метарски стап), огледала (пластични), лупи, платнени вреќички со врвка, очна табела, метални лажици, меки играчки, ѕвонче или свирче, хартиени чаши. Флипчарт (мала преносллива табла на која може да се црта и пишува). |
| Општество | принтер | Фотографии/илустрации за месеците во годината.<br>Временска лента на настани за една недела и временска лента за тоа што правиме наутро, преку ден, навечер и преку ноќ. Сложувалки или илустрации со ликови на |

| | | |
|---|---|---|
| | | човечки лица со различни емоции. Илустрации за поддршка на содржините/активностите поврзани за дом и семејство/заедница. Играчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат, прибор за лична хигиена и хигиена во домот, мебел, коцки за конструирање). Реквизити: семафор, знакот стоп, униформи, стетоскоп, докторски прибори и други играчки од ваков вид. |
| Математика | линијар<br>триаголник<br>3Д форми, табела стотка со броеви, бројни низи, карти со броеви,картонска кутија која служи за собирање (операции) 3Д-форми, вага (кујнска),часовник, постер со броеви до 10, Куќички со десетки, кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи (капачиња, макарони, дрвени стапчиња и сл), агломери- 2, паноа, , линеар- 2, триаголници-4, шестар, табели стотки (на хамер направени), картички со броеви | лизгачки ленти со броеви, низи со броеви, сметалки, абакус (бројалка со дрвени топчиња), цртежи, картони со отпечатени симболи (< , > , =), тркало со броеви, графикон со месна вредност, математички плочки. Комплет 2Д-форми и 3Д-форми (пластични, метални, магнетни, картонски), геотабла, огледало, хартиени форми и коцки кои се поврзуваат меѓу себе. Дигитални игри, на пример, Домино, Не лути се човече… Различни предмети за мерење: чаши, пластични шишиња, бокали, садови обележани со литри, ленти од хартија и ткаенина, вага, часовник (песочен часовник, аналоген часовник со стрелки кои ученикот може да ги придвижува, дигитален часовник. |
| Работа со компјутери | Компјутер | принтери, звучници |
| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | два проектори | две смарт табли |
| Англиски јазик | книги на англиски јазик<br>постери<br>слики | три CD/MP3 плеери, пластификатор<br>телевизор |
| Француски јазик | Проектор, лаптоп, флеш карти | / |

| | | |
|---|---|---|
| Ликовно образование | / | енциклопедии за уметност |
| Музичко образование | Касетофон, пијано, хармоника, метроном, мандолина, металофонче, музичка енциклопедија; | LCD проектор или телевизор |
| Математика | комплет триаголници, шестари, пластични 3Д форми, линијари | прибор за цртање за сите наставници (4 комплети), мрежи од 3Д форми |
| Информатика | два компјутери, LCD Проектор, принтер | исправни компјутери, смарт табла |
| Физика | сет магнети, мултиметри, амперметар, волтметар, леќи, призма, оптичка шина, отпорници, барометар и хигрометар, електростатска машина, динамометри | / |
| Хемија | опремен кабинет, хемиски апаратури, садови и сл. | обнова на некои хемиски материи |
| Биологија | лаптоп, трајни препарати, испечатени хамери, модели на органи (посебно) од човек и растителни, скелет (некомплетен голем и комплетен мал), слики, микроскоп | понов микроскоп, предметни стакла, покровни стакла |
| Природни науки | лаптоп, трајни препарати, испечатени хамери, модели на органи (посебно) од човек и растителни, скелет (некомплетен голем и комплетен мал) | решо, електромотор |
| Географија | Компјутер, 15 карти, еден глобус | проектор или LCD телевизор |
| Историја | Компјутер, историски карти | LCD телевизор, енциклопедија, глобус |
| Граѓанско образование | Телевизор, лап топ | / |
| Етика | | |
| Иновации | | |

| | | |
|---|---|---|
| Физичко образование | Топки за фудбал, одбојка кошарка, ракомет, маса за пинг понг со мрежа и топчиња, разбој,одразна даска,јарец за прескокнување, метални ѓулиња, медицински топки. | Потребен е нов под во спортската сала и осветлување, дебели душеци, стартни блокови и препони за трчање-атлетика. |
| Опрема за предметна настава | Принтери, преносни и статички компјутери во секоја училница по еден, ЛЦД проектори-5, се користат и смарт таблите и телевизорите наменети за одделенска настава | Смарт табли и телевизори |

## 2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

Во училиштето има два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачка сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето, истиот увид го има и општинскиот сметководител и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и општината, а другата сметка е самофинансирачка на училиштето. Од буџетската сметка се исплаќаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска. Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на општината. За финансиите е одговорен директорот и општинскиот сметководител.
Со цел да се обезбеди транспарентност во однос на финансиското работење, за училишниот буџет и за трошоците информирани се директорот, општинскиот сметководител, секретарот – благајникот како и Училишниот одбор. Информациите за училишниот буџет им се достапни и на родителите – членови во Училишниот одбор. Информациите околу буџетот се достапни и на вработените во училиштето, како и на сите останати. Завршната сметка се објавува на веб страницата на училиштето.

Планирањето на финансиските средства се остварува преку финансов план за развој на училиштето кој се доставува до Општина Кисела Вода – Сектор за финасиски прашања. За распределбата на финансиските средства се запознава Училишниот одбор и Наставничкиотсовет. Финансиските средства се распределуваат во двете училишта, односно во централното и подрачното во зависност од потребите.

Буџетските приоритети се поврзани и ги рефлектираат приоритетите и образовните цели на училиштето. Училиштето ги утврдува потребите на наставниците за нагледни средства и помагала, како и за професионален развој имајќи ги предвид професионалните компетенции за наставници и континуирано ги планира и обезбедува. Училиштето изработува финансиски со план и финансиски извештаи што се разгледуваат и носат од Училишниот одбор. Постојано се следи и состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување. Инфраструктурата ги задоволува потребите, но се работи на обезбедување средства потребни за одржување. Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Планот за јавни набавки се остварува во согласност со постапките утврдени Законот за јавни набавки. Се применуваат правилници и Законот за финансиско работење како и тендерски постапки.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставен план и програми | Основано од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура, Собрание на општина Кисела Вода, Скопје | Година на верификација | Сегашен број на одделенија и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование (општо образование) | Национална програма, Концепција за основно образование | 15-1887 | 4.12.1985 година | 9/35 |

| **Број на ученици во последните четири години** | | | |
|---|---|---|---|
| **2021-2022** | **2020-2021** | **2019-2020** | **2018-2019** |
| **709** | **712** | **717** | **732** |

**Проширена програма**

| **Организирано прифаќање и заштита на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Место** | **Дежурен наставник** | **Активности** | **Форми и методи** |
| **7-8 часот**<br>**15.20-17 часот** | Претпладнево своите училници Попладне – училница на III-2 | Наставници според распоредот за дежурства | Игровни активности, читање на приказни, слушање музика, активности со боење и цртање | Групна форма, работа во парови, индивидуална |

| **Продолжен престој (целодневна настава) – централно училиште (во моментот на изработката на развојната програма)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Паралелки** | **Наставници** | **Време** | **Организација на работа и активности** |
| **I-2** | 2 наставници | **7:30 – 15:10** | 7.30 - 8.00 – појадок 8 - 10.10 – Часови 10.10 – 10.30 – Голем одмор 10.30 – 12.40– Часови 12.40 – 13.05 – Ручек 13.05 - 13.40 – слободно активно време 13.40 – 15.10 – продолжена активност – домашна работа 15.10 – 15.20 – предавање на учениците на родители или на дежурен наставни |
| **I-3** | 2 наставници | | |
| **II-1 – 26** | 2 наставници | | **Активности во слободно активно време**: социјални игри, едукативни игри, спортски игри |
| **II-2 – 25** | 2 наставници | | **Продолжена активност** – домашни задачи според Упатството дадено од БРО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **II-3 – 27** | 2 наставници | | |
| **III-2 – 27** | 2 наставници | | |
| **III-3 – 27** | 2 наставници | | |

| **Продолжен престој – подрачно училиште Припор** | | | |
|---|---|---|---|
| **Паралелки** | **Наставници** | **Време** | **Организација на работа и активности** |
| I- IV – една група – 20 | **1 наставник** | **11:00-15:00** | Прием на ученици од прво одд.11 - 12.00 – слободни активности Прием на ученици од второ до четврто одделение -12.00 12- 12.30 – хигиенски подготовки и време за ужинка 12.30-13 - слободно активно време 13.00 – 15.00 – продолжена активност – домашна работа 15.00 – 15.20 – предавање на учениците на родителите |
| | | | Активности во слободно активно време: социјални игри, едукативни игри, спортски игри |
| | | | Продолжена активност – домашни задачи според Упатството дадено од БРО |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуација на основното училиште

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Училиштето ги реализира пропишаните наставни планови и програми и преку пишана процедура, редовно ги информира родителите, учениците и училишните тела за истите.Наставниот кадар врз основа на наставните програми изготвува планирања за настава во кои постои заедничка поврзаност или заеднички аспекти помеѓу различни предмети - интегрирана настава, односно за успешна реализација на наставните содржини наставниците пристапуваат кон интеграција на меѓупредметните цели во образовниот процес (на пр. музичко-македонски ј, ликовно-историја, географија-англиски ј. и сл.). Во училиштето постојат |

| | |
|---|---|
| | инклузивни политики, процедури и упатства според кои наставниците изготвуваат индивидуален образовен план за оние ученици со посебни образовни потреби за кои тоа е препорачано. И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици. Училиштето има пропишана процедура според која нуди повеќе изборни предмети и го почитува правото учениците по пат на анкета да вршат избор на изборниот предмет.<br>Училиштето изготвува Проширената програма која опфаќа продолжен престој (целодневна настава од прво до трето одделение), продолжен престој со хетерогена група по потреба, организирано прифаќање и заштита на учениците пред почетокот на наставниот процес и по неговото завршување, како во одделенска така и во предметна настава и прифаќање на учениците во воннаставните активности.<br>Воннаставните активности се дел од севкупните активности во нашето училиште и се одржуваат според желбата, афинитетите, надареноста, способноста и потребите на учениците. Истите се подеднакво достапни за сите ученици. Во рамките на нивните планови и програми се предвидени и реализирани учество на многубројни натпревари и голем број манифестации, како од спортски така и од друг карактер, како на пр. литературни и ликовни конкурси, натпревари на хорот и оркестарот, натпревари за прва помош и ППЗ, квиз натпревари, одбележување на значајни датуми и празници. Учениците се мотивирани за изразување на своето знаење преку креативен труд кој притоа се наградува, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко. |
| Постигнувања на учениците | Постигнувањето подобри резултати и успех кај учениците е една од целите на општинското основното училиште „Круме Кепески“ . Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Успехот на учениците континуирано се следи во текот на учебната година преку разни форми на формативно и сумативно оценување, при што се води сметка да се добие целосна слика за секој ученик. Оцената е транспарентна за ученикот и се постапува според Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.<br>Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според |

| | |
|---|---|
| | пол по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години, по паралелки во предметна и во одделенска настава и презема активности за нивно подобрување. Според овие податоци и анализи нема значајни отстапувања во поглед на успехот, поведението и редовноста на учениците во изминатите две учебни години, но и во однос на претходните. Во последните учебни години сите ученици го завршуваат основното образование. Нема ученици кои ја повторуваат годината.<br>Покрај редовната настава, постигнувањата на учениците се следат и подобруваат преку дополнителната настава и додатната настава и вонннаставните активности. И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество и постигнување на сите ученици. Ученици без разлика на полот, социјалната положба или етничка припадност се вклучени во голем број вонннаставни активности согласно нивните афинитети, надареноста, способноста и образовни потреби. Учениците постигнуваат високи резултати на многубројни натпревари, литературни и ликовни конкурси, училишни спортски натпревари.<br>Во училиштето постои одлична соработка на наставниот кадар со директорот и со стручната служба и таа соработка овозможува континуирано следење на постигнувањата на учениците. Од страна на психологот се врши советување на оние ученици за кои одделенските раководители ќе укажат дека има потреба заради подобрување на успехот, редовноста и дисциплината. Во исто време се реализира и советување и едукација на нивните родители. Особено внимание се посветува на ранливите категории на ученици, но и на оние ученици кои покажуваат особена надареност и таленти од различни области. Во училиштето особено внимание се посветува на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика. |
| Учење и настава | Следењето на квалитетот на наставата се врши според Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата и креирани протоколи. Психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни) на наставникот, а специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и |

| | |
|---|---|
| | оценувањето на напредокот на учениците. За направените увиди постојат записници.<br>Од почетокот на минатата учебната година  наставниот процес се одвиваше во вонредни услови поради светската пандемија предизвикана од корона вирусот. За дел од учениците (од прво до трето одделение) наставата се реализираше со физичко присуство на учениците, додека за останатите ученици (од четврто до деветто одделение) се изведуваше настава од далечина според препораките добиени од Министерството за образование и наука, а со помош на Националната платформа за учење и Мајкрософт тимс.  На овој начин беше овозможено учениците да ја следат наставата и да имаат двонасочна комуникација со наставниците, а на одреден начин беше овозможена и вклученост на родителите на учениците. Оваа учебна година наставата се реализира со физичко присуство за сите ученици со почитување на пропишаните мерки и протоколи. И покрај вонредните услови за работа учениците, родителите и наставниците беа во постојана комуникација.<br>Училиштето е препознатливо во средината како лидер на инклузивното образование. Според инклузивната училишна политика, училиштето и Училишниот инклузивен тим се грижат да се овозможи квалитетна настава, учество и постигнување на секој ученик, без оглед на неговите посебни потреби.<br>Родителите слободно се обраќаат во училиштето со прашања и забелешки во однос на училишниот живот, што докажува дека комуникацијата наставник-родител-стручна служба/директор е на високо ниво.  Промените во однесувањето и напредокот на учениците редовно се следат од страна на наставниците и стручните соработници и за истите ги известуваат родителите и пружаат соодветна стручна помош и на учениците и на родителите. Училиштето има систем за пофалување, наградување и мотивирање на учениците  со што се поттикнува поголем успех на учениците во училиштето, а со активирање на Web страната на училиштето се афирмираат успесите и надвор од него. |
| Поддршка на учениците | Учениците во нашето училиште добиваат континуирана поддршка од различни апсекти во текот на сите развојни периоди, како преку претходно планирани и организирани превентивни и интервентни програми и активности, така и преку индивидуална поддршка на секој ученик кој има потреба од тоа. |

| | |
|---|---|
| | За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности, што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење. Наставниците за учениците со посебни потреби изработуваат среднорочен и долгорочен ИОП, како и портфолио за секој ученик, а Тимот за инклузија дава поддршка на наставниците, родителите и на учениците, особено им се даваат насоки како да работат во домашни услови.<br>Училиштето е безбедна средина, како од хигиенски аспект, така и од аспект на услови на безбедно движење низ просторот, реагирање во кризни услови и спречување и реагирање при насилно однесување, за што во училиштето постојат процедури, кодекси, правила и протоколи според кои се постапува.<br>Училиштето посебно се препознава по својата Постапка за грижа за здравјето на учениците и обезбедување на поддршка во учењето на учениците кои се соочуваат со здравствени потешкотии. Стручната служба на училиштето редовно ги следи и работи со учениците со емоционални проблеми, спроведува организирана индивидуална поддршка на учениците со посебни образовни потреби, за што се води уредна документација. Организирањето на спортски активности придонесува како за физичкото, така и за емоционалното здравје на учениците.<br>За учениците од IX одделение посебен акцент се става на нивната информираност и насочување при изборот на идното занимање. Во училиштето се реализира Програма за професионална ориентација на учениците, според која преку спроведување на анкети и тестирања учениците добиваат сознанија за своите интереси и способности, преку презентации и работилници добиваат информации за мрежата на средни училишта и занимањата,начинот на запишување во средните училишта, а преку организирани презентации на средни училишта потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложеноста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата. Според Програма за професионална ориентација на учениците се работи и со учениците од осмо одделение во однос на запознавањето со одредени занимања, во што се вклучени и родители кои ги презентираат своите искуства и професии. |
| Клима во училиштето | Во училиштето постои взаемно почитување меѓу наставниот, стручниот кадар, учениците и родителите. Сите тие се чувствуваат добредојдено во училиштето и ја делат филозофијата на инклузија. Училиштето особено води грижа за градење на инклузивна клима и култура и е препознатливо како инклузивно училиште. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците имаат одлична соработка и се почитува различноста во мислењата. Постои соработка и огромна подршка помеѓу стручната служба и наставниците. Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување и еднаков и правичен пристап кон сите ученици. Стручната служба е секогаш достапна за учениците и родителите и постојано им дава поддршка. Постои взаемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците. Со секоја наредна година се намалува бројот на родителски и ученички советувања по однос на несоодветно однесување.<br>Учениците се вклучени во разни активност без оглед на полот, етничката припадност, посебните потреби или социјалниот статус. Учениците во најголем процент се дружат, си помагаат меѓусебно, се однесуваат пристојно и се редовни во наставата. Во надминувањето на проблемите со редовноста и начинот на однесување на учениците придонесе постојаната работа со учениците, како од страна на наставниците, така и од страна на стручната служба во училиштето и соработката со родителите на учениците.<br>Во училиштето има Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар,Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за оценување на постигањата на учениците, Правила за однесување на учениците , родителите и наставниците и Куќен ред и истите се почитуваат. Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето. Мултикултурализмот успешно се прифаќа и се промовира во училиштето. Во училиштето се спроведуват самостојни активности поврзани со мултиетничката интеграција во образованиeто и заеднички активности со ООУ Мустафа Кемал Ататурк од с. Количани.<br>Работната атмосфера како и професионалниот однос придонесуваат за позитивната клима, угледот и имиџот на училиштето. |
| Ресурси | Во однос на сместување и просторни капацитети, училиштето има две згради (централно и подрачно), а просторот одговара на бројот на ученици.<br>Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат во согласност со потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на |

| | |
|---|---|
| | самофинансирање преку издавање на спортската сала, училишната кујна, како и по пат на донации (од различни фирми). Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребната работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства во училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика. Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература. Бројот на лектири е зголемен за 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение, со што истиот сега изнесува 1601 лектири. Во училиштето постои потреба од современа технологија и нагледни средства, иако дел од нив се набавени во последните две години. Училиштето има своја веб страница на која се постираат активности на воспитно-образовниот кадар со учениците.<br>Училиштето располага со потребниот наставен кадар, стручна служба , како и административно-технички кадар. Воспитно-образовниот кадар е со соодветно образование, односно е во согласност со нормативите. Наставниците и стручните соработници ефективно придонесуваат за работата во училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи. Во училиштето е постои Тим за професионален развој и Систем за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Тимот за професионален развој врз основа на Програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар активно работи и соработува со сите наставници. Според акционите планови за секоја учебна година кадарот учествува на обуки организирани од БРО и МОН, но уште позначајно е што голем дел од стручното усовршување се одвива во училиштето преку работата на стручните активи, интерни обуки, дисеминации, консултации и други форми на усовршување, но поради пандемијата, последните две години повеќето обуки се одвиваа онлајн. За одбележување е тоа што наши наставници и стручни соработници учествуваа во активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и членови во работни групи за изготвување на програмски, законски и концепциски документи на национално ниво. |
| Раководење, управување и креирање | Училиштето е управувано од Училишен одбор кој брои 7 члена. Претседател на училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на |

| | |
|---|---|
| политики | училишниот одбор, се поканувааt и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа . Училишниот одбор одржува состаноци  со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Со училиштето раководи директор, кој има отворена соработка со Советот на родители, Бирото за развој на образование и локалната средина. Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојна програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Во Развојната програма на училиштето  се дефинирани  стратешки  цели, од кои произлегуват развојни и конкретни цели за период од 4 години и истите за секоја учебна година се планираат и реализираат во Годишната програма на училиштето. Врз основа на оваа самоевалуација училиштето треба да ја изготви новата развојна програма на училиштето. Во досегашната Развојна програма реализацијата на целите се одвиваше со следната динамика:<br>Првата стратешка цел-Обновување и збогатување на ресурсите на училиштето, опфаќа три развојни цели:<br>1.1 Обновување на информатичка технологија. Оваа цел сеуште треба да се развива.<br>1.2 Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.<br>1.3 Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија. Бројот на лектири  е зголемен за 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение, со што истиот сега изнесува 1601 лектири.<br>Во однос на втората стратешка цел Вклучување и учество на поголем број на учениците и родители во активностите на училиштето, опфаќа три развојни цели:<br>2.1 Развивање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари - изготвени се постапка и процедура за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари. |

| | |
|---|---|
| | 2.2 Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки. И покрај бројните активности, учениците сметаат дека сеуште не е доволно застапено нивното учество во донесувањето одлуки во училиштето.<br>2.3 Планирање стратегии за соработка и вклучување на поголем број на родители на разновидни активности на училиштето. Зза жал вклучувањето на родителите во разновидни активности, беше ограниечено во овие две години поради пандемијата со Ковид 19 и забраната за влегување на родителите во училиште.<br>Во однос на третата стратешка цел –Промоција на работата на училиштето, опфаќа две развојни цели:<br>3.1 Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.<br>3.2 Опреционализирање и навремено ажурирање на веб страната на училиштето. Училиштето има своја веб страна на која се постираат активности на воспитно-образовниот кадар со учениците. |

## 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Наставниот процес во училиштето се реализира во согласност со наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Има воспоставено процедури преку пишан документ за запознавање и информирање на родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Во согласност со пропишаната процедура за изработка на ИОП, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците. Училиштето спроведува и ја почитува процедурата учениците да вршат избор на изборниот предмет според нивниот интерес и потреби. Постои и Проширена програма која опфаќа продолжен престој (целодневна настава за учениците од 1-3 одд во ЦУ), продолжен престој (една хетерогена група ученици од 4 одд во ЦУ и хетерогена група ученици од 1-5 одд во ПУ), организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред и по завршувањето на часовите, дополнителна и додатна настава и воннаставни, |

| | |
|---|---|
| | вонучилишни активности и активности на ученичките организации. Во училиштето има интегриран пристап по одделни наставни предмети, а постојат и добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми. Учениците се вклучени во разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Исто така се организираат и заеднички воннаставни активности со партнер-училиштето ( за што постои Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем, како и Меморандум за соработка со ООУ „Мустафа Кемал Атастурк“ од с.Количани) со цел обезбедување меѓуетничка интеграција, како и манифестации и натпревари што се организираат на општинско, регионално, државно ниво. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години, по паралелки во предметна и во одделенска настава и презема активности за нивно подобрување. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на учениците може да се подобрат. Има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат резултати во одделни области. При изборот за ученици за учество на натпревари, училиштето се придржува кон пишан документ-процедура во која се утврдени начинот и организацијата на избор на учениците. Учениците имаат добиено поголем број награди на општинско, регионално, и државно ниво од различни предмети, како и од конкурси и спортски натпревари. Во последните три години нема ученици кои ја повторувале годината. Училиштето има пишан документ. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата и следењето на напредокот на учениците, во која посебно се акцентирани добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците.<br>Исто така, училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година. |
| Учење и настава | Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематските планирања во согласност со пропишаните програми изготвени од БРО, како и оперативни |

| | |
|---|---|
| | планирања за час што ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на часот, вклучително и изработката на ИОП, доколку има ученик со ПОП. Во училиштето има пропишани процедури во пишан документ за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба, најмалку 3-4 пати за секој наставник посебно. Наставниците-ментори имаат изготвено Програма за работа со приправник и имаат уредна евиденција за реализираните активности и посетени часови. Наставниците разменуваат искуства во рамките на стручните активи и со поддршка од стручната служба. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини кај повеќе наставни предмети. Најголем дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и прирачници. Интерактивната настава е застапена во најголем дел од наставните часови. Учениците се поттикнуваат да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Најголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>Наставниот кадар и стручната служба системски ги препознаваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат соодветни активности. Во однос на оценувањето и вреднувањето на учениците како сегмент од процесот на учење и настава, училиштето ги почитува законските и подзаконските прописи што го регулираат истото. Застапено е формативно и сумативно оценување. Сите наставници им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, а преку утврден систем на активности се известуваат и родителите за напредокот на нивните деца. |
| Поддршка на учениците | Училиштето претставува безбедна средина за одвивање на наставниот процес. Инфраструктурата е соодветна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.<br>Има обучен кадар за давање прва помош при несреќни случаи а располага и со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт-План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди, како и пишани документи Куќен ред и Кодекс на однесување, во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Посто организирана исхрана за учениците склучено со кетеринг фирма. Постојат и процедури за обезбедување материјални средства за соучениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и останатите. Училиштето води посебна грижа за |

| | |
|---|---|
| | здравјето на сите субјекти, пред се одржувајќи ја хигиената на многу добро ниво, редовно вршејќи дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училиштен простор.<br>Нема ученици со хронични заболувања, но доколку се појават ученици кои поради болест подолго време отсуствуваат од настава, постојат процедури за грижа на истите. училиштето спроведува систематски прегледи на учениците и на вработените, како и вакцинација и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита, за што води уредна документација. Учениците добиваат и поддршка преку процесот за професионална ориентација реализиран од психологот, кој во својата програма има предвидено работа за професионална ориентација со учениците од 9 одд. Се врши тестирање за способности, интелигенција и мотив за општо постигнување на учениците, како и се делат промотивни материјали од средните училишта. Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците го продолжиле понатамошното образование. Постојат и пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Стручната служба им помага на учениците и на нивните родители и ги упатува до релевантните институции. |
| Клима во училиштето | Училиштето е препознатливо во локалната заедница како редовен учесник и носител на настани од културното живеење во општината. Учениците го негуваат мултикултурализмот, постигнуваат добри резултати преку современата настава во која преовладува креативна работа во процесот на учењето.<br>Училишната клима е добра, кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка и рамноправно се третираат сите структури. Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонаставните активности.<br>Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, притоа користејќи го пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето ги применува изработените правилници за пофалби, награди, педагошки мерки за учениците како и правилата за однесување на учениците и наставниците формулирани со Кодексот на однесување и Куќниот ред. Ги поттикнува наставниците и учениците да учествуваат на колкални, регионални и државни натпревари, за што постои воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на постигнувањата. Наставниците правилно и со почит се однесуваат кон сите |

| | |
|---|---|
| | ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето долги години го реализира МИО проектот со цел да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените со партнер училиштето ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од с. Количани, општина Студеничани. Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-пбразовната работа на училиштето на сите нивоа, овозможувајќи им да се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштетоп активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање учество на настани од интерес на заедницата. Постои и соработка на наставниот кадар и раководниот кадар со сите училишта на ниво на општина, како и  примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор. |
| Ресурси | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава по Норматив. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар за организирање наставни и воннаставни активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето има и библиотека чиј фонд се состои од лектирни изданија, како и стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата, но дел од нив се застарени.<br>Поголем дел од ИКТ опремата е застарена, но учениците и наставниците знаат кои наставни средства и помагала им се на располагање и ефективно ги користат во наставниот процес. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, во согласност со планот на училиштето. Во однос на човечки ресурси, училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со ученици со ПОП. Работата на наставниот кадар е соодветно поддржана од стручната служба и административно-техничкиот персонал. Постои и процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник-приправник. Наставниците како тим работат во рамки на 3 стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги предвид професионалните компетенции за наставници, за што постои и Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар. Што се однесува до финансиските ресурси, постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Во комисиите за јавни набавки има член од УО. УО добива извештај за финансиските активности и |

| | |
|---|---|
| | финансиската состојба на училиштето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. |
| Раководење, управување и креирање политики | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор составен од 7 члена, кои се претставници од наставниците и стручните соработници во училиштето како и претставниците од родителите избрани во согласност со Законот за основно образование. Седниците се закажуваат навремено за што се води уредна документација. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето, а соработката со директорот е на добро ниво, со остварен партнерски однос.<br>Раководен орган е директорот, кој има Годишна програма за работа составена од повеќе програмски содржини со планирани активности и приоритети што се однесуваат на подобрување на условите за работа и осовременување на воспитно-образовниот процес. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на образовни политики. Раководната структура постојано ги анализира постоечките политики во врска со работата на училиштето, го следи квалитетот на сите подрачја во воспитно-образовната дејност и врши соодветни целни планирања за нивно подобрување. Состојбите за успешноста во работењето на училиштето се идентификувани во документот за самоевалуација (2016-2018) врз чија основа има изготвено Програма за развој за периодот 2018-2022, во која се поставени три стратешки цели, а воедно се испланирани и развојни и конкретни цели. Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики на централно и локално ниво. Професионалниот развој односно стручното усовршување на наставниците е определено со Програмата за професионален и кариерен развој и редовно се следи динамиката на БРО и МОН. Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира. Раководството определува приоритети во зависност од расположивите средства преку планирање на годишниот финансов план.<br>Набавките навремено се обезбедуваат според годишниот план за јавни набавки. Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа и со заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата. |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

### Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во општината Кисела Вода, во чија близина се наоѓаат станбени згради, 2 градинки, Домот на културата, Училиштето за слепи лица „Димитар Влахов“, други основни училишта како и неколку здравствени институции и други стопански и нестопански објекти. Поголемиот број ученици во училиштето се од реонот на училиштето како и од населбата Припор, кадешто се наоѓа и подрачното училиште. Во последните четири години бројот на ученици на ниво на училиште не покажува поголеми отстапувања и истиот се движи од 709-730, односно просечно по 720 ученици.

| Новозапишани ученици во изминатите четири години | | | |
|---|---|---|---|
| 2021-2022 | 2020-2021 | 2019-2020 | 2018-2019 |
| 14 | 7 | 7 | 11 |
| Во суштина новозапишаните ученици доаѓаат од други училишта од истата но има и од друга општина во град Скопје, како и од други градови од државата. | | | |

| Испишани ученици во изминатите четири години | | | |
|---|---|---|---|
| 2021-2022 | 2020-2021 | 2019-2020 | 2018-2019 |
| 16 | 13 | 8 | 12 |
| Во суштина испишаните ученици преминуваат во други училишта од друга населба во град Скопје, во други градови од државата, но и надвор од државата. Причината за испишување е преселување, односно промена на местото на живеење/работа на родителот. | | | |

Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница, со градинките што се во близина како и со останатите основни и средното училиште кои се наоѓаат во близина.
Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат во соработка со одделението за стоматологија на поликлиниката „Јане Сандански“, школскиот оддел при истата поликлиника како и Црвениот Крст на општина Кисела Вода. Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број институции позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците.
Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што придонесува за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при одбележувањето на бројни празници како што се „Денот на Општината“, „Денот на екологијата“, манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина. Општината придонесува за подобрување на капацитетите и ресурсите на училиштето. Се работи за инклузивно училиште, односно училиште во кое постои инклузивна клима и атмосфера, со цел обезбедување на инклузивно образование за децата со попреченост. Училиштето соработува со ресурсниот центар „Д-р Златан Сремец“ и ги вклучува сите ученици со посебни потреби со цел подигнување на свеста кај населението, и поголемо и подлабоко вклучување на овие деца во воспитно-образовниот процес.

**Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето**

На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МКЦ, Завод за ментално здравје на деца и младинци, СОЛЕМ-Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби, LEAD-Лидери за едукација, активизам и развој, ФФМ, Еко-Логик како и телевизиски и издавачки куќи и други слични печатени медиуми.
Со новите измени во образовниот систем во Република С. Македонија од страна на МОН е изготвен стратешки документ *Стратегија за образованието 2018/2025*, со кој се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наредниот период:

➢ Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката

припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура;

➢ Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување;

➢ Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонnаставните активности според слободниот избор на учениците;

➢ Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности;

➢ Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение;

➢ Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување до наставниот кадар во нашето училиште;

➢ Воспоставување унифицирана електронска Национална платформа за предавање, учење од далечинна и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето;

➢ Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните соработници и наставниците;

➢ Иницијална обука на наставниците и стручните соработници во согласност со професионалните компетенции и стандарди;

➢ Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците и стручните соработници – приправници;

➢ Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле ненаставни студиски програми;

➢ Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор односно советник)

Во март 2020 година од страна на МОН е донесена *Концепцијата за воннаставни активности во основното образование* со која се укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид нивната основна цел - да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите / ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: личен и социјален развој, демократска култура, мултикултура и граѓанство, уметничко изразување и култура и претприемништво и финансиска писменост.

Следните принципи се основата според која училиштата треба да се водат: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество на учениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.
Во јули 2020 година предложен е *Концепт за развивање на образование од далечина во основното и средното образование*. Воспоставувањето на национална платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини, во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигнувањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес. Една од поставените цели во Стратегијата е интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење на систем за обновување на копјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи. Според тоа еден од приоритетите во Стратегијата е обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката за дигитална писменост.
Во јуни 2020 година донесена е и *Концепцијата за државно тестирање* за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието во согласност со современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирање е со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование. Ваквите податоци ќе обезбедат докази за развој и унапредување на образовните политики во РСМ во насока на достигнување на современите светски образовни стандарди. Државното тестирање првично ќе биде насочено кон две важни фази на основното образование, односно кон целни групи кои се во тие фази: учениците што се пред завршување на третото одделение и учениците што се пред завршување на петтото одделение. Откако државното тестирање за овие целни групи ќе биде добро воспоставено и кога ресурсите тоа ќе го дозволуваат, ќе се додаде и третата целна група со која ќе се заокружи системот на државно тестирање -учениците што се пред завршување на деветтото одделение. Рамките за оценување со кои ќе се мерат постигањата на учениците по мајчин јазик и по математика ќе се засноваат на државните наставни програми за соодветните одделенија. Распоредот предвидува за III одд предтестирање во 2021г, а главно тестирање во 2022г; за V одд предтестирање во 2023г, а главно тестирање во 2024г.
Со *Концепцијата за инклузивно образование* донесена од министерот во јули 2020 година, се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на

модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите, на најмалку три нивоа на подршка на учењето: I ниво -општа подршка, II ниво - интензивирана подршка, III ниво - посебна подршка.
Новата *Концепција за основно образование* беше усвоена во март 2021, а почна да се применува со стартот на учебната 2021-2022 година, и тоа најпрво во прво и четврто одделение, а потоа етапно че се применува и во другите одделенија. Со новиот концепт за основно образование се нудат промени во повеќе сфери што се однесуваат на интегрирање на наставата и наставните предмети, на избор на предмети од интерес на ученикот, на учење преку истражување и проекти, намалување на оптовареноста на наставните материјали со фактографски податоци, на прилагодување на наставата кон потребите на сите ученици, на користење на разновидни наставни материјали, на активно учество на учениците во животот на училиштето, на соработка и професионален развој на наставниците и нивно мотивирање со кариерен развој, овозможувајќи на тој начин можност за градење на училиште по мерка на децата.

**Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето**

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес: УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, МЦГО, Францускиот институт, Шведскиот институт, Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА), амбасадата на САД и други слични асоцијации и здруженија.

## SWOT анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| Наставниот кадар изработува квалитетни наставни планирања кои се во согласност со целите предвидени од БРО, водејќи притоа сметка за способностите и интересите на учениците;<br>Се применува интегрирана настава на меѓупредметните цели во образовниот процес;<br>Во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици;<br>За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности, што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење;<br>Постои отворена соработка и размена на искуства и информации при планирањето на наставниот процес на различно ниво во рамките на училиштето;<br>Психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни), како и специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП на наставникот, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците; во училиштето работи Тим за инклузија кој дава поддршка на наставниците, родителите и на учениците, а во овој процес активно се вклучени и | Недоволно нагледни средства потребни за поуспешно и современо реализирање на наставните програми, особено на програмите според новата Концепција за основно образование;<br>Училиштето има развиено систем на наградување и пофалување на учениците, но сепак родителите сметаат дека тој систем треба да се усоврши, односно наградувањето за постигнувањата на учениците да биде преку доделување награди, дипломи и пофалници;<br>Недоволно обуки во период на пандемија кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки;<br>Две развојни цели од досегашната Развојна програма на училиштето не се во целост реализирани: доопремување на системот за заштита во кризни стуации-поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации и развивање систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето според заслугите;<br>Строгите протоколи и правила по кои мораше да работи училиштето заради светската пандемија придонесоа за намалување на одредени активности кои во училиштето претходно повеќе се практикуваа (меѓуодделенски натпревари, гостување во медиуми, посети во театри, кино, ЗОО, музеи и други културно уметнички настани). Ова, во однос на изминатиов период, го вбројуваме во слаби страни, но со олабавувањето на мерките училиштето ќе ги преземе сите потребни мерки и активности за нормален тек |

| | |
|---|---|
| родителите на кои им се даваат насоки како да работат во домашни услови;<br>Постои квалитетна соработка меѓу наставниот кадар и родителите која резултира во взаемно почитување на дадените идеи и мислења;<br>Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците;<br>Во училиштето постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди која е општо прифатена и спроведувана од учениците, наставниците и родителите и е дел од културата на училиштето. Во периодот на пандемија беа изготвени и се применуваа дополнителни протоколи за заштита на здравјето на учениците;<br>Во училиштето се организираат и реализираат бројни спортски активности со цел поттикнување на правилен психо-физички развој кај учениците;<br>Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување на хуманитарни акции со цел подигнување на свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување на конфликти;<br>Училиштето преку стручната служба во соработка со наставниот кадар дава квалитетна поддршка на учениците од ранливите групи;<br>Во училиштето, од страна на психологот на училиштето се спроведува Програма за професионална ориентација и советување на учениците. Активностите вклучуваат работа со ученици, родители, наставници и соработка со локалната заедница;<br>Напредокот и постигнувањата на учениците се следат преку формативно и сумативно оценување. Според учениците и родителите оценувањето е транспарентно, континуирано и | и подигнување на мотивацијата кај учениците.<br>Учениците сеуште не се чувствуваат доволно ангажирани во донесување на одлуки во училиштето;<br>Недоволна вклученост на родителите во заеднички активности и едукации, работилници, пред сѐ поради ковид мерките, но и отворена понуда од родителите за промоција на некои од професиите со кои се занимаваат, а сѐ со цел практично реализирање на делови од наставната програма и наставните содржини. |

| | |
|---|---|
| правично. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| Зајакнување на соработката со родителите преку работилници и зајакнување на улогата на Ученичкиот парламент во поглед на донесување одлуки во училиштето;<br>Настојување на наставниците за максимално користење на постојната опрема и нагледни средства, како и за изнаоѓање начини за постојано доопремување на училиштето;<br>Подобрување на квалитетот на образовниот процес за учениците со ПОП, преку опремување на сензорна соба со соодветни нагледни средства и помагала;<br>Зајакнување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот при реализирање на одредени воннаставни активности. | Немање доволно просторни капацитети на училиштето;<br>Работење во две смени што резултира во немање доволно простор и време за поуспешна реализација на воннаставните активности;<br>Големата ангажираност на родителите со работни и секојдневни обврски оневозможува нивно поголемо вклучување во работата на училиштето;<br>Зголемен број на ученици со ПОП, а сеуште недоволна едуцираност на наставниот кадар за работа со учениците со ПОП;<br>Недоволно материјални средства и извори за обезбедување современи и модерни нагледни средства за квалитетно одржување на наставата. |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

### Мисија на училиштето

Ние сме училиште кое ги воспитува своите ученици да градат вистински и трајни вредности во животот, да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски, да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници во Република Македонија и да живеат во духот на мир, толеранција и меѓусебно почитување.
Ние создаваме здрава и безбедна средина за нашите ученици. Континуирано го следиме секој ученик од секој аспект (образовен, емоционален, социјален) водејќи сметка за почитувањето на индивидуалните разлики и овозможувајќи оптимален развој на секој од нив.

### Визија на училиштето

Наш стремеж е да бидеме училиште кое ќе гради здрави и одговорни личности и кое ќе им овозможи на своите ученици стекнување знаења со помош на современи наставни средства, современи и разни приоди во наставата и квалитетен и посветен на својата работа воспитно-образовен кадар.
Ќе го поттикнуваме и негуваме меѓусебното почитување и толеранција преку запознавање и групна кохезија на учениците, наставниците и родителите од различни етнички заедници со цел формирање на вистински и трајни вредности

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 1.</u>**<br>**Развојна цел 1.1.** | **Осовременување на наставниот процес**<br>Обезбедување модерни нагледни средства за осовременување на наставниот процес | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1** | **Увид во состојбата на училниците и кабинетите со техничка опременост и нагледни средства** | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање Комисија за увид во состојбата на училниците и кабинетите;<br>-Детектирање на потребите по предмети и одделенија;<br>-Изготвување на приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | -Извештај и записник од работата на Комисијата за опременоста на училниците и кабинетите со нагледни средства и техничка опрема;<br>-Изработена приоритетна листа според Нормативот за опрема и нагледни средства | Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Учебна 2022/2023 | Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија | Директор<br>Стручна служба<br>Секретар |
| **Конкретна цел 1.1.2** | **Обезбедување финансиски средства за опремување на училниците и кабинетите со нагледни средства и техничка опрема** | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Барање донации од фирми и компании;<br>-Самофинансирачки активности на училиштето; | -Обезбедени финансиски средства | Комисија<br>Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Родители | Учебна 2022/2023<br>Учебна 2023/2024 | Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија | Директор<br>Секретар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Соработка и барање поддршка од локалната самоуправа;<br>-Соработка со родители | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.3 Опремување на училниците и кабинетите со нагледни средства и техничка опрема** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Прибирање на понуди;<br>-Разгледување на понуди и одбирање на најповолната понуда во однос на цена и квалитет;<br>-Нарачка на нагледни средства;<br>-Распределување на нагледни средства во училници и кабинети;<br>-Осмислување на план за задолжување на наставниците со нагледни средства и техничка опрема | -Набавени и монтирани две интерактивни (smart) табли;<br>-Набавени и монтирани 5 смарт телевизори;<br>-Извршена набавка на нагледни средства и техничка опрема;<br>-Изготвен план за задолжување на наставниците со нагледни средства и техничка опрема | Директор<br>Комисија за јавни набавки<br>Секретар | 2022, 2023, 2024, 2025 | Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија | Директор<br>Секретар |

| Конкретна цел 1.1.4 | Изработка на нагледни средства според новата Концепција за основно образование „Големите рачиња создаваат за малите првачиња“ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање на тим од наставници и стручни соработници;<br>-Формирање на тимови од ученици од предметна настава;<br>-Работилници со учениците за изработка на нагледни средства за учениците од прво одделение според новата концепција за основно образование;<br>-Изготвување на прирачник со предлог активности за примена на нагледните средства во наставата;<br>-Изготвување на план за задолжување на наставниците со изработените нагледни средства | -Формиран тим од наставници и стручни соработници;<br>-Формирани тимови од ученици од предметна настава;<br>-Реализирани работилници (со списоци за присуство)<br>-Изготвен прирачник со предлог активности за примена на нагледните средства во наставата;<br>-Изготвен план за задолжување на наставниците со изработените нагледни средства | Тим од наставници и стручни соработници<br>Ученици | Од учебна 2022/2023 до учебна 2025/2026 | Компјутер<br>Фотокопир<br>Хартија<br>Финансиски средства | Директор<br>Тим од наставници и стручни соработници<br>Ученици |

| **Стратешка цел 1.** Осовременување на наставниот процес<br>**Развојна цел 1.2.** Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.2.1** Идентификација на потребите за обуки на наставниот кадар | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Анализа на Личните планови за професионален развој;<br>-Изработка на акционен план за реализација на потребните обуки;<br>-Разгледување на понуди од акредитирани провајдери за одржување на потребните обуки | -Извештај за видот на потребните обуки;<br>-Акционен план со динамика за реализација на обуките;<br>-Избрани провајдери за обуки | Тим за професионален развој<br>Директор | Од учебна 2022/2023 до учебна 2025/2026 | Фотокопир<br>Хартија<br>Компјутер | Тим за професионален развој |
| **Конкретна цел 1.2.2** Реализација на обуки | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Реализација на планираните обуки;<br>-Организирање на интерни обуки на ниво на стручни активи;<br>-Дисеминација на обуки | -Платени фактури за обуки;<br>-Извештај за спроведени обуки;<br>-Листи на присуство | Тим за професионален развој<br>Директор<br>Стручна служба<br>Обучувачи<br>Наставници | Од учебна 2022/2023 до учебна 2025/2026 | Компјутер<br>Фотокопир<br>Интерактивна табла<br>Просторија за обука,финанси ски средства | Тим за професионален развој |

| **<u>Стратешка цел 1.</u>** | **Осовременување на наставниот процес** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.3.** | **Опремување на сензорна соба** | | | | |
| **Конкретна цел 1.3.1** | **Подготовка на просторија за сензорна соба** | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Избор на просторија;<br>-Објава на тендер за градежни работи;<br>-Избор на најповолна понуда;<br>-Реконструкција и припрема на просторијата | -Доставени понуди од изведувачи;<br>-Договор со изведувачите;<br>-Реконструирана просторија (училница) | Директор<br>Секретар | Учебна 2022/2023 | Просторни услови<br>Финансиски средства<br>Изведувач | Директор<br>Секретар |
| **Конкретна цел 1.3.2** | **Опремување на сензорната соба** | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Стапување во контакт со Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“;<br>-Опремување на сензорната соба од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ и нејзино ставање во употреба | -Поднесена апликација за донација на сензорна соба;<br>-Опремена сензорна соба;<br>-Користење на сензорната соба | Директор<br>Стручна служба | Учебна 2022/2023<br><br>од учебна 2022/2023 до учебна 2025/2026 | Донатор | Директор<br>Стручна служба |

<table>
<tr><td>Приоритетно подрачје 7</td><td colspan="5">Раководење, управување и креирање политики</td></tr>
<tr><td><u>Стратешка цел 2.</u><br>Развојна цел 2.1.</td><td colspan="5">Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации<br>Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации - поставување на противпожарни аларми</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел 2.1.1 Утврдување на фактичката состојба на опременост на системот за заштита во кризни ситуации со противпожарни аларми во централното и подрачното училиште и нивно доопремување</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Носители на активностите</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење на реализацијата на активностите</td></tr>
<tr><td>-Формирање Комисија за увид и процена на фактичката состојба на системот за заштита во кризни ситуации-противпожарни аларми;<br>-Детектирање на потребите за доопремување;<br>-Изготвување на приоритетна листа и план за набавка на соодветни средства и техничка опрема</td><td>-Извештај и записник од работата на Комисијата за опременоста на системот за заштита во кризни ситуации-противпожарни аларми;<br>-Изработена приоритетна листа според Нормативот за опрема и нагледни средства</td><td>Директор</td><td>ноември – декември 2022</td><td>Наставници<br>Хаус мајстор<br>Стручно лице<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач<br>Трошоците дополнително ќе се пресметаат</td><td>Тим од наставници<br>Директор<br>Стручно лице</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел 2.1.2 Обезбедување финансиски средства и избор на фирма за набавка и инсталација на противпожарни аларми</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Носители на активностите</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење на реализацијата на активностите</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Обезбедување финансиски средства за набавка и инсталација на противпожарни аларми;<br>-Распишување на тендер;<br>-Формирање на комисија за избор на набавувач;<br>-Избор на фирма инсталатер | -Спроведена е тендерската постапка;<br>-Избран е добавувач на противпожарни апарати;<br>-Известен е Училишниот одбор | Директор | декември-февруари 2023 | **Човечки**<br>Наставници<br>Хаус мајстор<br>Стручно лице<br>**Физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач<br>**Трошоци**<br>Дополнително ќе се пресметаат | Тим од наставници<br>Директор<br>Стручно лице |
| **Конкретна цел 2.1.4 Инсталирање на противпожарни аларми** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изведување на инсталација на противпожарни аларми;<br>-Следење на чувањето и грижата на училиштето за противпожарните аларми;<br>-Симулација за евакуација со примена на противпожарните аларми | -Инсталирани и поставени противпожарни аларми;<br>-Назначено одговорно лице за грижа за исправноста на алармите;<br>-Изведена симулација | Училиштето<br>Директор | април-јуни 2023<br><br>октомври 2024<br>октомври 2025<br>октомври 2026 | **Човечки**<br>Наставници<br>Хаус мајстор<br>Стручно лице<br>**Физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач<br>**Трошоци**<br>Дополнително ќе се пресметаат | Тим од наставници<br>Директор<br>Стручно лице |

| **Приоритетно подрачје 2** | **Постигнувања на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 2.</u>** | **Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации** | | | | |
| **<u>Развојна цел 2.2</u>.** | **Поголемо вклучување на учениците со своето мислење, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации** | | | | |
| **<u>Конкретна цел 2.2.1</u> Развивање систем за поголемо вклучување на учениците со своето мислење, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање тим од наставници одговорни за изработка на систем/план за онлајн работа и соработка со учениците, со цел нивно поголемо вклучување со свои мислења, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации;<br>-Онлајн соработка со Ученичкиот парламент. | -Формираниот тим од ученици;<br>-Изготвениот систем/план/составениот Тим на платформата Teams за онлајн работа и соработка со Ученичкиот парламент (анкети меѓу учениците, потреба од туторска поддршка, проектни активности за јакнење на свеста на учениците за учење во кризни ситуации);<br>-Известен Наставничкиот совет;<br>-Записници од онлајн работата на Ученичкиот парламент. | Наставници<br>Ученички парламент<br>Ученици | ноември 2022<br>до 2026 година | **Човечки**<br>Наставници<br>**физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач | Тим од наставници<br>Директор<br>Педагог |

| **Конкретна цел 2.2.2** Вклучување на учениците во работата на Наставничкиот совет со свои предлози однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации и нивно уважување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање работна група од ученици кои ќе бидат вклучени во онлајн работата на Наставничкиот совет со свои предлози;<br>-Презентирање на предлозите на работната група со ученици во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации на Наставнички совет | -Извештај за работа на Работната група;<br>-Фотографии;<br>-Вебстраницата на училиштето | Наставници<br>Ученици од Ученички парламент | Јануари 2023 до 2026 | **Човечки**<br>Наставници<br>Ученици<br>Стручно лице<br>**Физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач | Тим од наставници<br>Директор<br>Психолог |
| **Приоритетно подрачје 7** | Раководење, управување и креирање политики | | | | |
| **Стратешка цел 2.** Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации<br>**Развојна цел 2.3** Планирање стратегии за продлабочување на соработката и активирање на поголем број родители во активности на училиштето во пандемија и други кризни ситуации | | | | | |
| **Конкретна цел 2.3.1** Утврдување на фактичката состојба на планирани стратегии за продлабочување на соработката и активирање на поголем број родители во активности на училиштето во пандемија и други кризни ситуации | | | | | |

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| -Формирање тим од наставници и родители кој ќе изврши увид и процена на досегашните форми на соработка и активности меѓу родителите и наставниците;<br>-Испитување на мислењето на воспитно-образовниот кадар за вклучување и активирање поголем број родители во онлајн активности на училиштето;<br>-Изготвување предлог-план за нови онлајн активности од родителите во услови на пандемија и други кризни ситуации. | -Тим од наставници и родители;<br>-Утврдена фактичка состојба за форми на соработка и активности на родителите во услови на пандемија и други кризни ситуации;<br>-Резултати од анкетата со родителите;<br>-Изготвен план за нови онлајн активности од родителите во услови на пандемија и други кризни ситуации;<br>-Информации на вебстраницата на училиштето. | Тим од родители<br>Тим од наставници | Ноември 2022 | **Човечки**<br>Наставници<br>родители<br>Стручно лице<br>**физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач | Директор<br>Педагог<br>Наставнички совет |
| **<u>Конкретна цел 2.3.2</u> Осмислување на систем и форми за соработка и вклучување на поголем број родители во разновидни** | | | | | |

| активности на училиштето во пандемија и други кризни ситуации | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање тим на родители по генерации на платформата Teams со цел интензивирање на онлајн соработката меѓу наставниците и родителите;<br>-Изготвување предлог-план за динамиката на одвивање на соработката меѓу родителите | -Записници од одржани средби со утврдени заклучоци како насока за понатамошна работа;<br>-Информации на вебстраницата на училиштето | Тим од наставници и родители | Јануари 2023 | **Човечки**<br>Наставници<br>Родители<br>Наставнички совет<br>**физички**<br>Хартија<br>Компјутер<br>Печатач | Директор<br>Педагог<br>Наставнички совет |
| **Приоритетно подрачје 7** | Раководење, управување и креирање политики | | | | |
| **Стратешка цел 3:** **Мотивирање на воспитно-образовниот кадар и учениците за постигнување на поголеми успеси**<br>**Развојна цел 3.1:** **Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1** **Изработка на Правилник за пофалување и наградување на наставници** | | | | | |

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| -Одржување на Наставнички совет и носење одлука за изработка на правилник;<br>-Избор на членови од редот на наставниците и стручната служба за изработка на правилник;<br>-Изработка на предлог-правилник за наградување и пофалување;<br>-Разгледување на предлог-правилникот од стручните активи;<br>-Изработка на правилник за наградување и пофалување на наставници;<br>- Одржување на Наставнички совет и носење одлука за усвојување на правилникот | -Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за избор на наставници одговорни за изработка на Правилникот;<br>-Формиран тим за изработка на правилник за наградување и пофалување на наставници;<br>-Изготвен Правилник за наградување и пофалување на наставници;<br>-Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за усвојување на изготвениот Правилник | Наставници<br>Стручни соработници | септември-декември 2022 | **Човечки**<br>Тим од наставници, стручна служба,<br>**Материјални**<br>хартија<br>печатач | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставнички совет |
| **<u>Конкретна цел 3.1.2</u>** **Формирање на Комисија за наградување и пофалување на наставници** | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Одржување на Наставнички совет и носење одлука за избор на Комисија од редот на наставниците и стручните соработници во училиштето;<br>-Избор на членови на Комисијата за наградување и пофалба на наставници | -Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за избор на Комисија наставници одговорни за пофалување и наградување;<br>-Формирана Комисија за пофалување и наградување; | Наставници<br>Стручни соработници | јануари 2023<br>јануари 2024<br>јануари 2025<br>јануари 2026 | **Човечки**<br>наставници, стручна служба,<br>**Материјални**<br>Хартија<br>печатач | Наставници<br>директор |
| **<u>Конкретна цел 3.1.3</u>** | **Обезбедување награди за наградени и пофалени наставници** | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Разгледување на финансискиот извештај на училиштето;<br>-Дефинирање на можностите на училиштето за издвојување материјални, финансиски средства за награди на наставниците | -Изготвен план за обезбедување награди за ученици во согласност со Правилникот;<br>-Изготвена финансиска конструкција за наградите, во согласност со Правилникот; | Директор на училиштето, Наставнички совет, административна служба | април 2023<br>април 2024<br>април 2025<br>април 2026 | Сопствен буџет;<br>Донации/спонзорства | Одделенски раководители предметни наставници, директор и стручна служба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (книги, обуки, образовни материјали и сл.);<br>-Соработка на директорот на училиштето со комисијата за наградување на наставници;<br>-Одлука на Училишниот одбор за издвојување на финансиски средства<br>-Барање спонзорства од други фирми/институции | -Избрана најсоодветна фирма за набавка;<br>-Понуди од правни лица;<br>-Обезбедени донации, нефинансиски, за награда на ученици | | | | |
| **<u>Конкретна цел: 3.1.4</u>** **Наградување и пофалување на наставниците во согласност со изработениот Правилник** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Средби на комисијата за наградување и пофалување на наставници утврдени во правилникот;<br>-Разгледување на пристигнати документи од страна на Комисијата;<br>-Донесување одлука за наградени и | -Записник/ци од одржаните средби на Комисијата;<br>-Одлука за наградени и пофалени наставници од страна на Комисијата;<br>-Листа на пофалени и | Комисија за пофалување и наградување | Јуни 2023<br>Јуни 2024<br>Јуни 2025<br>Јуни 2026 | **Човечки** одделенски и предметни наставници;<br>**Материјални** Компјутер | Наставнички совет<br>Директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| пофалени наставници во согласност со критериумите од Правилникот | наградени наставници | | | | |
| **Приоритетно подрачје 2** | **Постигнување на учениците** | | | | |
| **<u>Стратешка цел: 3</u>**<br>**<u>Развојна цел 3.2</u>** | **Мотивирање на воспитно-образовниот кадар и учениците за постигнување на поголеми успеси**<br>**Усовршување на системот за наградување и пофалување на учениците преку награди, дипломи и пофалници** | | | | |
| **<u>Конкретна цел: 3.2.1</u>. Ревидирање на Правилникот за пофалување и наградување на ученици** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Одржување на Наставнички совет и носење одлука за ревидирање на Правилникот;<br>-Избор на членови од редот на наставниците и стручната служба за ревидирање на Правилникот;<br>-Разгледување на ревидираниот правилник од стручните активи;<br>-Изготвување на конечна верзија на Правилникот за наградување и пофалување на ученици;<br>- Одржување на Наставнички совет и носење одлука за усвојување на Правилникот | -Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за избор на наставници одговорни за ревидирање на правилникот;<br>-Формиран тим за ревидирање на правилникот за наградување и пофалување на учениците;<br>-Изготвен Правилник за наградување и пофалување на ученици;<br>-Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за усвојување на изготвениот Правилник | Комисија за наградување и пофалба на ученици | септември-октомври 2023 | **Човечки** одделенски и предметни наставници;<br>**Материјални** Компјутер | Директор<br>Наставнички совет |
| **<u>Конкретна цел: 3.2.2</u>** **Формирање комисија за наградување и пофалување на ученици** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Одржување Наставнички совет и носење одлука за избор на комисија од редот на наставниците и стручните соработници во училиштето;<br>-Избор на членови на Комисијата за наградување и пофалба на наставници | -Записник од Наставнички совет;<br>-Одлука за избор на Комисија наставници одговорни за пофалување и наградување;<br>-Формирана Комисија за пофалување и наградување; | Комисија за наградување и пофалба на ученици | септември-октомври 2023 /2024/2025/2026 | **Човечки** одделенски и предметни наставници;<br>**Материјални** компјутер печатач хартија | Наставнички совет; Директор |
| **<u>Конкретна цел 3.2.3</u>** **Обезбедување награди за наградени и пофалени ученици** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Разгледување на финансискиот извештај на училиштето;<br>-Дефинирање на можностите на училиштето за изделување материјални, финансиски средства за награди на наставниците ( книги, обуки, образовни | -Изготвен план за обезбедување награди за ученици во согласност со Правилникот;<br>-Изготвена финансиска конструкција за наградите, во согласност со Правилникот;<br>-Избрана најсоодветна | Директор на училиштето, Училишен совет, Наставнички совет, административна служба | април 2023/2024/2025/2026 | Сопствен буџет;<br>Донации / спонзорства | Наставнички совет, директор; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| материјали и сл.)<br>-Соработка на Директорот на училиштето со комисијата за наградување на наставници<br>-Одлука на Училишниот одбор за издвојување на финансиски средства;<br>-Барање спонзорства од други фирми/институции | фирма за набавка<br>-Понуди од правни лица;<br>-Обезбедени донации, нефинансиски, за награда на ученици | | | | |
| **<u>Конкретна цел: 3.2.4</u>** **Наградување и пофалување на учениците во согласност со изработениот Правилник** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Средби на Комисијата за наградување и пофалување на ученици утврдени во правилникот;<br>-Разгледување на пристигнати документи од Комисијата;<br>-Донесување одлука за наградени и пофалени ученици | -Записник/ци од одржаните средби на Комисијата;<br>-Одлука за наградени и пофалени ученици од страна на Комисијата;<br>-Листа на пофалени и наградени | Комисија за пофалување и наградување | Јуни<br>2023 /2024 /2025/ 2026 | **Човечки**<br>одделенски и предметни наставници;<br>**Материјални**<br>Компјутер | Директор<br>Наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во согласност со критериумите од Правилникот | ученици | | | | |
| **<u>Конкретна цел: 3.2.4</u> Промовирање на постигањата на учениците** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Соработка на Комисијата за наградување и пофалување со одговорното лице за промоција на постигањата на учениците;<br>-Пофалување на постигањата на учениците на наставнички и одделенски совети;<br>-Пофалување на постигањата на учениците на родителски средби;<br>-Пофалување на постигањата на учениците на Совет на родители;<br>-Промовирање на постигањата на учениците на медиуми (печатени, електронски, ТВ | -Промовирани постигања на учениците на вебстраницата или Фејсбук страницата на училиштето;<br>-Доставени извештаи од одделенските раководители за пофалени ученици на родителска средба;<br>-Доставени извештаи од предметните наставници за пофалени ученици;<br>-Изработена листа на пофалени ученици внесени во записник за | Одделенски раководители, предметни наставници, одговорен наставник за веб/ФБ страницата | Јуни<br>2023 /2024 /2025/ 2026 | Одговорен наставник за одржување на веб и ФБ страницата на училиштето;<br>Наставници;<br>Компјутер;<br>Печатач | Директор,<br>Педагог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| медиуми); | одржан Наставнички совет и Совет на родители;<br>-Промовирани ученици во печатени медиуми (весници и списанија) или електронски медиуми (образовно-воспитни емисии, спортски емисии, музички емисии) | | | | |

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

Соработката на училиштето со родителите и во наредниот период ќе се заснова на транспарентност, и зголемување и унапредување на взаемната активност меѓу родителите и воспитно-образовниот кадар. Преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, анкетирање со цел изучување на изборни предмети, испитување ставови во врска со животот и работата на училиштето и слични други активности, училиштето им дава можност на родителите да бидат информирани за текот на воспитно-образовниот процес на нивните деца. Преку претставници во Советот на родители ќе продолжи информирањето и барањето мислење за Годишната програма, Програмата за екскурзии, Самоеваулацијата, Развојната програма, Упатствата за користење училишна кујна, превентивната заштита и протоколите за заштита во училиштето. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-членови им е овозможено активно и континуирано учество во донесувањето одлуки.

Продолжува и ќе се потикнува учеството на родителите при реализација на хуманитарни проекти, ќе се бара поддршка и донации за проекти со кои ќе се унапредува воспитно-образовниот процес. Сите информации за училиштето на родителите им се достапни и на веб страницата на училиштето, како и брошура, која содржи актуелни информации за секоја учебна година. Училиштето и понатаму ќе се труди својата соработка со родителите да се заснова на взаемна почит во однос на размена на мислења, како и доверба и успешно промовирање на училиштето со цел создавање на средина која подучува и воспитува среќни деца.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Соработката на училиштето со општината е речиси нераскинлива врска. Соработката со фирмите како „Бела" и Цементарница „Усје" ќе продолжи и во наредниот период, со цел доближување на бизнис секторот до нашите ученици. Училиштето соработува и ќе продолжи да соработува со институции од областа на образованието: МОН, БРО, МИОА, ДИЦ со цел навремено информирање за новините во образованието, како и спроведување на одредени процедури и правилници донесени од овие институции. Што се однесува до градинките соработката е неизбежна со цел привлекување деца-првачиња. Во слична насока се планира да продолжи и комуникацијата со средните училишта од пошироката заедница, а воедно и реализацијата на Програмата за професионална ориентација на учениците од 8 и 9 одделение. Се планира продолжување и продлабочување на соработката со партнерското училиште Мустафа Кемал Ататурк од с.Количани, преку заеднички активности во рамките на МИО проектот. Секако ќе продолжи и соработката со бројни невладини организации: УНИЦЕФ, УНДП, МЦМС, Ајнштајн, Пакомак, Нула отпад, Мелаши, ДКЦ и др. која е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно–образовниот процес.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето - Осовременување на наставниот процес | Прибрани согледувања на крајот на учебните години од членови на тимот за ова подрачје на самоевалуација (записници од одделенски, | Одговорното лице на подрачје 1 (Организација и реализација на наставата и учењето); Член од Комисијата за | директор, наставнички совет, стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставнички совети, годишни извештаи, анкети и слично) | изработка на Развојната програма | |
| Подрачје 7: Раководење, управување и креирање политики -<br>Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации | Финансиски планови, записници и извештаи од комисии за реализација на планираните активности, согледувања од годишни извештаи на училиште, протоколи за следење и сл. во време на реализација на активности | Одговорното лице на подрачје 7 (Раководење, управување и креирање политики);<br>Член од Комисијата за изработка на Развојната програма | директор,<br>секретар,<br>стручна служба |
| Подрачје 7: Раководење, управување и креирање политики и<br>Подрачје 2: Постигнување на учениците –<br>Мотивирање на воспитно-образовниот кадар и учениците за постигнување на поголеми успеси | Прибрани согледувања на крајот на учебните години од членови на групата за овие подрачја на самоевалуација (извештаи и пописни листи за опрема, записници од одделенски, наставнички совети,годишни извештаи, набавни листи, анкети и слично, ) | Одговорното лице на подрачје 7 (Раководење, управување и креирање политики) и подрачје 2 (Постигнување на учениците);<br>Член од Комисијата за изработка на Развојната програма | директор,<br>наставнички совет,<br>стручна служба |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училштето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација. Тие тоа ќе го реализираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти во текот на секоја учебна година, но и преку самоевалуацијата на училиштето на секои две години.

## 12. Заклучок

Развојната програма ја изработуваме во период на кој му претходеа речиси три години полни со закани по здравјето на учениците и вработените, многу непознати во однос на организацијата и начинот на реализацијата на наставата. Сеуште се соочуваме со предизвици по безбедноста на носителите и учесниците во воспитно-образовниот процес, но сепак, посилни и побогати со искуство кое се однесува на еден поинаку дефиниран процес на подучување и учење. Ако кон ова ги додадеме и промените и прилагодувањата во наставните планови, како и новата Концепција за основно образование, може да кажеме дека се работи за период значително поразличен од постоечкиот начин на организирање на наставата и работата на училиштата. Сето ова го зедовме предвид при планирањето на активностите вклучени во Развојната програма. Секако, нејзиното изготвување го направивме и во согласност со досегашните насоки, за што можно е да има потреба од дополнителни измени и прилагодувања со анекси или пак промени во самата програма. И покрај големите неизвесности, се надеваме дека ќе се обидеме да го реализираме планираното во Програмата.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

Членови на Комисијата за изработка на Развојната програма за работа на ООУ „Круме Кепески“:

1. Павлина Трипуновска, директор
2. Нарциса Блажевска, наставник по англиски јазик – претседател,
3. Лидија Петровска, специјален едукатор и рехабилитатор – член,
4. Билјана Дивјакоска, наставник по македонски јазик – член,
5. Верка Мијајлевска, одделенски наставник - член

## 14. Користена литература


- ✓ Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма
- ✓ Национална програма за развој на образованието
- ✓ Стратегија за образованието за 2018-2025 година
- ✓ Концепција за основно образование

- ✓ Концепција за деветгодишно образование
- ✓ Концепт за организирање на настава од далечина
- ✓ Концепција за воннаставни активности во основно образование
- ✓ Концепција за државно тестирање
- ✓ Концепција за инклузивно образование
- ✓ Самоевалуација на училиштето 2020/2022 година
- ✓ Конечен извештај од интегрална инспекција
- ✓ Годишни извештаи на училиштето за учебните 2020/2021 и 2021/2022 година
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето 2021/2022 година

**11.07.2022, Скопје** **МП** **Директор на ООУ „Круме Кепески“**

______________________________

**Павлина Трипуновска**

**Претседател на Училишен одбор**

______________________________

**Христијан Јанкуловски**